Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

Рок на чување ________ год.
______ 20___ год.
Потпис.

Ип. 1 бр. 57-80/2019
Датум: 3.2.2020 г.

Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура преку Зоран Маркозанов, виш инспектор со службена легитимација број 003, изврши контролен инспекциски надзор над субјектот на инспекцискиот надзор Национална установа – Музеј на Република Северна Македонија од Скопје со деловно седиште на ул. , застапувана од , в.д. директор – со ЕМБГ: и со Записник Ип. 1 бр. 57-80/2019 од 30.1.2020 година ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 85 точка 1 од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), го донесе следново

## Р Е Ш Е Н И Е

1) СЕ НАРЕДУВА на Националната установа – Музеј на Република Северна Македонија од Скопје, да ја заврши ревизијата на музејските предмети од 11 музејски збирки од одделенијата за Историја (Македонија за време на османлиското владеење, Национално-револуционерно движење во Македонија, Македонија меѓу двете светски војни, НОБ во Македонија и Физичка култура и спорт), за Историја на уметност (Исламска уметност, Применета уметност, Современа ликовна уметност, Ѕидно сликарство и Архитектура и декоративна пластика) и за Етнологија (дел од збирката Народен накит), што е обврска по член 21 од Законот за Музеите („Сл. весник на РМ" бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15 152/15 и 39/16) и Правилникот за начинот на вршење на ревизија на музејските предмети („Сл. Весник на РМ" бр. 35/16).

2)Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 од ова решение изнесува 30 дена од приемот на Решението.

3)Субјектот на инспекцискиот надзор од точката 1 од ова решение е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643
www.kultura.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

### Образложение

Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура, врз основа на член 82 став (1) од Законот за културата, преку Зоран Маркозанов, виш инспектор со службена легитимација број 003, изврши контролен инспекциски надзор над субјектот на инспекцискиот надзор Националната установа – Музеј на Република Северна Македонија од Скопје со деловно седиште на ул. „ , застапувана од в.д. директор – со ЕМБГ: со цел да се утврди дали Музејот, по истекот на рокот определен во инспекцискиот акт има постапено по Решението Ип 1 бр. 57-80 од 22.10.2019 г., донесено од инспекторот за култура, по што состави Записник Ип. 1 бр. 57-80/2019 од 30.1.2020 година, во кој е констатирано: субјектот на надзорот делумно постапил по Решението Ип 1 бр. 57-80 од 22.10.2019 г., односно, не е завршена ревизијата на музејските предмети од 11 музејски збирки, што е обврска по член 21 од Законот за Музеите и Правилникот за начинот на вршење на ревизија на музејските предмети.

Врз основа на изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение незадоволната странка може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Решено во Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура под број Ип. 1 бр. 57-80/2019 од 3.2.2020 година.

Виш инспектор
со службена легитимација број 003,
Зоран Маркозанов


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643
www.kultura.gov.mk